# МАТЕРУО

**РЕФЕРЕНТНА ПОНУДА**

**на**

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ**

**ЗА РАЗВРЗАН ПРИСТАП НА ЛОКАЛНА ЈАМКА**

Јуни, 2011 година
Верзија: 2.4

## СОДРЖИНА

**I. ВОВЕД .... 5**

**I.1 Правна основа .... 5**
**I.2 Структура на МАТЕРУО .... 5**
**I.3 Дефиниции .... 5**

**II. ЦЕЛ И ДЕЛОКРУГ НА МАТЕРУО .... 5**

**II.1 Цел на МАТЕРУО .... 5**
**II.2 Делокруг на МАТЕРУО .... 5**
II.2.1 Времетраење на валидноста на МАТЕРУО .... 5
II.2.2 Страни на кои се однесува МАТЕРУО .... 6
II.2.3 Географска област во која се применува МАТЕРУО .... 6
II.2.4 Предмет на МАТЕРУО .... 6

**III. ТЕХНИЧКИ И ТЕХНОЛОШКИ УСЛОВИ ЗА РАЗВРЗАН ПРИСТАП НА ЛОКАЛНА ЈАМКА .. 6**

**IV. ТЕХНИЧКИ И УСЛОВИ НА СРЕДИНАТА ЗА КОЛОКАЦИСКОТО МЕСТО .... 9**

**V. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР .... 9**

**V.1 Договори за Разврзан Пристап На Локална Јамка .... 9**
**V.2. Склучување на Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка и Индивидуални Договори .... 9**
V.2.1 Склучување на Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка .... 9
V.2.2 Склучување на Индивидуални Договори според Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка .... 10
V.2.2.1 Барање и преглед ....
V.2.2.2 Поднесување од Македонски Телеком АД до Страната Барател ....
V.2.2.3 Стапување на сила на Индивидуалните Договори според Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка ....

**VI. КЛУЧНИ ДОГОВОРНИ УСЛОВИ .... 11**

**VI.1 Финансиски гаранции .... 11**
**VI.2 Постапување со Барање .... 11**
VI.2.1 Место, начин и време за доставување на Барања .... 11
VI.2.2 Барања што не можат да се исполнат .... 11
VI.2.3 Редослед на исполнување на Барања што треба да се исполнат .... 12
VI.2.4 Барања за иста Локална Јамка .... 12
VI.2.5 Предвидување .... 13
**VI.3 Имплементација на Разврзан Пристап На Локална Јамка .... 13**
**VI.4 Завршување на Разврзан Пристап На Локална Јамка .... 13**
**VI.5 Право на сопственост на Локалната Јамка и Колокациската Просторија .... 13**
**VI.6 Управување и одржување .... 13**
VI.6.1 Управување .... 13
VI.6.2 Отстранување на грешки .... 13
VI.6.3 Одржување .... 14
**VI.7 Доставување и управување со информации .... 14**
**VI.8 Обврски на Страната Барател кон Претплатниците .... 14**
**VI.9 Пресметка и Плаќање .... 14**
**VI.10 Ограничување На Услугата (Услугите) .... 14**
VI.10.1 Прекин На Услугата (Услугите) .... 14
VI.10.2 Привремено исклучување .... 14

**VI.11 Прекршување на Договорот и правни последици ... 15**
VI.11.1 Прекршување на Договорот ... 15
VI.11.2 Општи правни последици ... 15
VI.11.3 Посебни правни последици ... 15
VI.11.3.1 Казна за доцнење ...
VI.11.3.2 Казна за несоодветен квалитет ...
VI.11.3.3 Задоцнето плаќање ...
**VI.12 Времетраење на Договорот ... 16**
**VI.13 Измени и дополнувања на Договорот ... 16**
**VI.14 Истек на важноста на Договорот ... 17**

**VII. ПРОБНО РАБОТЕЊЕ ... 18**

**Прилози:**

**Прилог 1:** Дефиниции и Толкувања

**Прилог 2:** Список на Нумерациски Географски Подрачја

**Прилог 3:** Список на MDF Места и Распоред за Имплементација

**Прилог 4:** Опис на Услуги

**Прилог 4.А:** Опис на Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка и Компоненти На Кабелско Поврзување
**Прилог 4.Б:** Опис на Поделен Пристап На Локалната Јамка и Компоненти На Кабелско Поврзување
**Прилог 4.В:** Технички и Услови на Средината за Колокациското Место

**Прилог 5:** Технички, Технолошки, Тестови За Соодветност и Услови на Средината

**Прилог 5.А:** Технички Услови за Разврзан Пристап На Локална Јамка
**Прилог 5.Б:** Управување со Спектар на Локална Јамка
**Прилог 5.В:** Верификација на Соодветност на Непозната Опрема
**Прилог 5.Г:** Листа на Опрема што може да биде Поврзана на Мрежата на Македонски Телеком АД

**Прилог 6:** Склучување и Исполнување на Договор

**Прилог 6.А:** Процес на Склучување На Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка и Соодветни Индивидуални Договори
**Прилог 6.Б:** Предвидување
**Прилог 6.В:** Исполнување на Договор
**Прилог 6.Г:** Обезбедување на Информации и Доверливост

**Прилог 7:** Правила за Управување и Одржување

**Прилог 8:** Надоместоци, Фактурирање

**Прилог 8.А:** Принципи на Наплата
**Прилог 8.Б:** Надоместоци
**Прилог 8.В:** Фактурирање и Плаќање

**Додаток I:** Формулари

**Додаток I.А:** Формулар за Предвидување
**Додаток I.Б:** Барање
**Додаток I.В:** Формулар за Индивидуални Договори
**Додаток I.Г:** Формулар за Банкарска Гаранција
**Додаток I.Д:** Формулар за Изјава За Намера Од Претплатник
**Додаток I.Ѓ:** Формулар за Изјава за Доверливост

# I. ВОВЕД

## I.1 Правна основа

**I.1.1** Согласно Членовите 146 (2) б) и 45 (2) од Законот за електронски комуникации, операторот на јавна комуникациска мрежа со значителна пазарна моќ меѓу другото и на пазарот на фиксни говорни телефонски мрежи и услуги треба да подготви референтна понуда за разврзан пристап на локална јамка.

**I.1.2** Македонски Телеком АД - Скопје (во понатамошниот текст „Македонски Телеком АД"), според Член 146 (1) од Законот за електронски комуникации, е дефиниран како оператор на јавна комуникациска мрежа со значителна пазарна моќ меѓу другото и на пазарот на фиксни говорни телефонски мрежи и услуги.

## I.2 Структура на МАТЕРУО

**I.2.1** МАТЕРУО се состои од:

**а)** главен текст, и
**б)** Прилозите кои се наведени во Содржината,

и истите претставуваат составен дел од МАТЕРУО.

**I.2.2** Додатоците приложени кон МАТЕРУО - наведени во Содржината - не претставувааат составен дел од МАТЕРУО и се дадени само за информација. Македонски Телеком АД ги прифаќа документите поднесени од Страната Барател за цели на склучување на Договор кои се разликуваат по форма од Формуларите дефинирани во Додатоците наведени во МАТЕРУО, ако имаат иста содржина.

## I.3 Дефиниции

Термините користени во МАТЕРУО и нивните дефиниции се дадени во Прилог 1 (Дефиниции и Толкувања).

# II. ЦЕЛ И ДЕЛОКРУГ НА МАТЕРУО

## II.1 Цел на МАТЕРУО

Целта на МАТЕРУО е да ги утврди:

**а)** правилата на процедурите кои треба да се спроведат врз основа на барање доставено до Македонски Телеком АД од Страната Барател за Разврзан Пристап На Локална Јамка или Разврзан Пристап На Локална Под- Јамка; и
**б)** правилата кои се применуваат на Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка (во понатамошниот текст 'Договор') кој се склучува според условите утврдени во МАТЕРУО.

## II.2 Делокруг на МАТЕРУО

### II.2.1 Времетраење на валидноста на МАТЕРУО

**II.2.1.1** МАТЕРУО стапува на сила на датумот кога Македонски Телеком АД ќе ја прими конечната одлука на АЕК за одобрување на МАТЕРУО и е валидна во својата сегашна форма се до датумот кога измените и дополнувањата подоцна одобрени од АЕК стапуваат на сила. Цените се применуваат од првиот календарски ден од месецот кој следи по датумот на усвојување на конечната одлука на АЕК за одобрување на МАТЕРУО.

**II.2.1.2** Доколку АЕК утврди дека Македонски Телеком АД повеќе не е оператор на јавна комуникациска мрежа со значителна пазарна моќ на пазарот на фиксни говорни телефонски

услуги, тогаш МАТЕРУО истекува на 30-иот (триесетиот) календарски ден од датумот на донесување на конечна одлука за ова прашање. Во таков случај, од датумот на донесената одлука, Македонски Телеком АД нема да биде обврзан да продолжи со преговори врз основа на важечката МАТЕРУО дури и во случај Страната Барател да доставила барање пред усвојувањето на одлуката со која се утврдува дека Македонски Телеком АД повеќе не е оператор на јавна комуникациска мрежа со значителна пазарна моќ на пазарот на фиксни говорни телефонски услуги.

### II.2.2 Страни на кои се однесува МАТЕРУО

МАТЕРУО се применува на сите Страни Баратели кои имаат потврда за регистрација на нотификација од страна на АЕК за обезбедување јавни комуникациски мрежи и услуги.

### II.2.3 Географска област во која се применува МАТЕРУО

МАТЕРУО се применува во географските нумерациски области идентификувани во Прилог 2.А (Список на Географски Нумерациски Области).

### II.2.4 Предмет на МАТЕРУО

Предметот на МАТЕРУО ги вклучува следниве услуги кои се детално опишани во Прилог 4 (Опис на Услуги):

**а)** Разврзан Пристап На Локална Јамка за Локални Јамки кои се во сопственост на Македонски Телеком АД:

**I)** Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка; и
**II)** Поделен Пристап На Локална Јамка;

**б)** Разврзан Пристап На Локална Под – Јамка * за делови од Локалната Јамка која е во сопственост на Македонски Телеком АД:

**I)** Целосно Разврзан Пристап На Локална Под Јамка; и
**II)** Поделен Пристап На Локална Под Јамка;

* Македонски Телеком АД не користи улични кабини и други еквивалентни Посреднички Разделници (IDF) во својата мрежа и затоа обезбедувањето на Разврзан Пристап На Локална Под – Јамка е технички невозможно.

**в)** Колокација:

**I)** Физичка Колокација,
**II)** Оддалечена Колокација; и
**III)** Виртуелна Колокација.

## III. ТЕХНИЧКИ И ТЕХНОЛОШКИ УСЛОВИ ЗА РАЗВРЗАН ПРИСТАП НА ЛОКАЛНА ЈАМКА

**III.1** Македонски Телеком АД е обврзан да обезбеди Разврзан Пристап На Локална Јамка, во согласност со условите на МАТЕРУО, за постоечките Локални Јамки кои се веќе инсталирани до Претплатничката Пристапна Точка и Претплатникот нема важечки Претплатнички Договор и заЛокални Јамки  за кои Претплатникот има склучено важечки Претплатнички Договор и претплатничката линија не е исклучена во еден или во двата правци.

**III.2** Македонски Телеком АД е обврзан да обезбеди Разврзан Пристап На Локална Јамка на начин кој не го загрозува интегритетот на мрежата. За обезбедувањето на Разврзан Пристап На Локална Јамка за постоечка Локална Јамка постојат посебни технички и технолошки услови, кои се утврдени во Прилозите на МАТЕРУО.

Доколку Страните проценат дека како резултат на Пробното Работење кое го изведуваат заеднички треба да се земат предвид дополнителни технички и технолошки критериуми за имплементација на Поделен Пристап На Локална Јамка – изземајќи ги случаите каде што имплементацијата не е возможна заради технички причини - Страните заеднички ќе ги презентираат истите преку процедура опишана во Точка VII. (Пробно Работење) и ќе го утврдат

истото во Договорот. Македонски Телеком АД ќе осигури дека измените направени согласно резултатите од Пробното Работење ќе бидат доставени како измена на МАТЕРУО до Агенцијата заради одобрување.

**III.3** Разврзан Пристап На Локална Јамка може да се примени само за целата должина на Локалната Јамка која е целосно имплементирана со впредена бакарна парица. Разврзан Пристап На Локална Јамка не е возможен:

**а)** за претплатнички пристап имплементиран со оптички влакна или радио пристап;
**б)** за претплатничка мрежа што содржи активни уреди за делот помеѓу активниот уред и централата.

Разврзан Пристап На Локална - Јамка може да се примени за дел од Локалната Јамка, која е целосно имплементирана со впредена бакарна парица. Македонски Телеком АД не користи улични кабини и други еквивалентни Посреднички Разделници (IDF) во својата мрежа и затоа обезбедувањето на Разврзан Пристап На Локална Под – Јамка е технички невозможно

**III.4** Имајќи ги во предвид ограничувањата погоре дефинирани во Точка III.3 Разврзан Пристап На Локална Јамка може да се примени во следниве случаи:

**а)** Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка:

**I)** Доколку Претплатникот првобитно имал аналоген телефонски пристап и видот на пристап којшто Страната Барател има намера да го обезбеди е:

**1)** аналоген фиксен телефонски (PSTN);
**2)** ISDN;
**3)** xDSL;
**4)** аналоген фиксен телефонски (PSTN) + ADSL; или
**5)** ISDN + ADSL.

**II)** Доколку Претплатникот првобитно имал ISDN пристап и видот на пристап којшто Страната Барател има намера да го обезбеди е:

**6)** ISDN;
**7)** xDSL; или
**8)** ISDN + ADSL.

**III)** Доколку Претплатникот првобитно имал аналоген телефонски + ADSL пристап, кадешто ADSL пристапот го обезбедува Страната Барател, и видот на пристап којшто Страната Барател има намера да го обезбеди е:

**9)** аналоген фиксен телефонски (PSTN) + ADSL;
**10)** xDSL; или
**11)** ISDN + ADSL.

**IV)** Доколку Претплатникот првобитно имал ISDN + ADSL пристап, кадешто ADSL пристапот го обезбедува Страната Барател, и видот на пристап којшто Страната Барател има намера да го обезбеди е:

**12)** xDSL; или
**13)** ISDN + ADSL.

**б)** Поделен Пристап На Локална Јамка:

**I)** Доколку Претплатникот првобитно имал аналоген фиксен телефонски пристап:

**14)** аналоген фиксен телефонски (PSTN) обезбеден од страна на Македонски Телеком AD + ADSL пристап обезбеден од Страната Барател ;
**15)** ISDN пристап обезбеден од страна на Македонски Телеком AD + ADSL пристап обезбеден од Страната Барател.
**16)** ADSL пристап обезбеден од страна на Страната Барател

**II)** Доколку Претплатникот првобитно имал ISDN пристап:

**17**) ISDN пристап обезбеден од страна на Македонски Телеком AD + ADSL пристап обезбеден од Страната Барател.
**18)** ADSL пристап обезбеден од страна на Страната Барател;

**III.5** Типичните технички податоци за каблите што ги користи Македонски Телеком АД во

Локалните Јамки, општите параметри на претплатничката мрежа и Сплитерите што се користат за Поделен Пристап На Локална Јамка, како и барањата за Опремата На Страната Барател којашто може да се поврзе со Локалната Јамка се дефинирани во Прилог 5.А (Технички Услови за Разврзан Пристап На Локална Јамка).

Можностите и ограничувањата за Разврзан Пристап На Локална Јамка - ќе се утврдат со спроведување на Минималниот Индивидуален Тест За Соодветност, а на барање на Страната Барател, фактичките технички параметри на дадена локална јамка можат да се одредат со спроведување на Индивидуален Тест За Соодветност На Барање, кој во себе го вклучува Минималниот Индивидуален Тест За Соодветност. Минималниот Индивидуален Тест За Соодветност ќе се спроведе:

**а)** во случаите дефинирани во Точка III.4: а) I - 3), 4), 5), и а) II - 7), 8) и б) I - 14), 15), 16) и б) II 17), 18) за секој од случаите;
**б)** во случаите дефинирани во Точка III.4 а) 9), 10), 110, 12) и 13) доколку Страната Барател има намера да користи опрема од идентичен вид како ADSL опремата која била првобитно користена, но со различен начин на работа, или ADSL опрема од различен вид;
**в)** во случајот дефиниран во Точка III.4 6) доколку Страната Барател има намера да обезбеди ISDN пристап со вид на опрема различна од NT1 опремата која ја користи Македонски Телеком АД.

**III.6** Деталните технолошки барања за Разврзан Пристап На Локална Јамка – со посебно внимание на обезбедување на опсегот за пренос и соодветна заштита од интерференција и шум од соседните Локални Јамки, или кога се обезбедува Поделен Пристап На Локална Јамка заштита од интерференција и шум на услуга (и) од говорниот фреквентен опсег обезбедена(и) од Македонски Телеком АД - се дефинирани во Прилог 5.Б (Управување со Спектарот на Локалната Јамка).

**III.7** Страната Барател во Локалната Јамка може само да ја користи опремата тестирана во мрежата на Македонски Телеком АД и дефинирана во MATERUO, со идентификување на опсегот на фреквентниот спектар кој се користи.

Доколку во случај на Разврзан Пристап На Локална Јамка Страната Барател има намера да поврзе опрема која не е наведена во "Листа на опрема што може да биде поврзана на мрежата на Македонски Телеком АД", тоа може да се направи само по успешно завршување на процесот опишан во Прилог 5.В (Верификација на Соодветност на Непозната Опрема). По успешното завршување на Прелиминарниот Тест За Соодветност На Опрема, дадената опрема Македонски Телеком АД ќе ја внесе во "Листа на опрема што може да биде поврзана на мрежата на Македонски Телеком АД" и ќе биде достапна за сите Страни Баратели на местата на Македонски Телеком АД за односи со корисници дефинирани во Точка VI.2.1 б) и на интернет страницата – http://list-of-equipment-enabled-to-be-connected-to-Makedonski Telekom ADs-network.telekom.mk .

Не е потребен Прелиминарниот Тест За Соодветност На Опрема пред користење на опрема која што е наведена во "Листа на опрема што може да биде поврзана на мрежата на Македонски Телеком АД" и која што е дадена во Прилог 5.Г (Листа на Опрема што може да биде Поврзана на Мрежата на Македонски Телеком АД).

**III.8** Страната Барател ќе обезбеди услуга на Локалната Јамка- на која што е обезбеден разврзан пристап и со која работи Македонски Телеком АД – на таков начин што таа нема да го загрози интегритетот на мрежата на Македонски Телеком АД и мрежите на трети страни. Страната Барател може да ја замени опремата којашто ја поврзала со мрежата на Македонски Телеком АД со друг вид на опрема или да ги измени нејзините подесувања со можно влијание врз управувањето со спектарот, само со претходно известување и усогласување со Македонски Телеком АД. Во случај на промена која ќе влијае на употребата на неговорниот фреквентен опсег можна е додатна изведба на Минимален Индивидуален Тест За Соодветност. Почитувањето на оваа обврска ќе се верификува од Страната Барател.

**III.9** Во рамките на оваа Референтна Понуда За Разврзан Пристап На Локална Јамка, Македонски Телеком АД не е обврзан да гради дополнителна, да ја модернизира или да вложува во нова пристапна мрежа и/или телекомуникациска инфраструктура за потребите на Колокациските Простории.

**III.10** Македонски Телеком АД го задржува правото на измена на техничките параметри, предизвикани од технички развој, реконфигурација или надградба на својата пристапна мрежа (на

пр. измена на број на главни разделници и сл.). За измените, Македонски Телеком АД е должен да ја информира Страната Барател согласно со условите дефинирани во точка VI.6.3 од овој текст.

## IV. ТЕХНИЧКИ И УСЛОВИ НА СРЕДИНАТА ЗА КОЛОКАЦИСКОТО МЕСТО

**IV.1** Техничките и условите на средината за Колокација на Опремата на Страната Барател во врска со инсталирање во Колокациското Место и соодветноста со инфраструктурата на Македонски Телеком АД која е достапна таму, како и условите на средината обезбедени од Македонски Телеком АД се дефинирани во Прилог 4.В (Технички и Услови на Средината за Колокациското Место).

**IV.2** Предуслов за обезбедување на Разврзан Пристап На Локална Јамка е расположивоста на Колокациско Место соодветно за влез и престој на лица. Колокациското Место треба да има заштита, безбедно заклучување и безбедно складирање на опремата. Македонски Телеком АД ќе ги подготви Колокациските Места имајќи ги предвид фактичките барања и техничките можности.

Страната Барател може да бара Колокација имајќи го предвид распоредот на имплементација дефиниран во Прилог 3 (Список на MDF Места и Распоред на Имплементација).

**IV.3** Согласно техничките можности, Македонски Телеком АД ќе обезбеди Колокација Просторија за Страната Барател согласно следниот редослед:

**а)** Физичка Колокација;
**б)** Оддалечена Колокација;
**в)** Виртуелна Колокација.

## V. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

### V.1 Договори за Разврзан Пристап На Локална Јамка

**V.1.1** Разврзан Пристап На Локална Јамка може да се имплементира со склучување на следните Договори:

**а)** Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка кој ги дефинира општите обврски и права на Страните и општите спецификации применливи на Индивидуалните Договори и процесите за нивно склучување.
**б)** Видови на Индивидуални Договори склучени според Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка:

**I)** Индивидуален Договор За Колокација (да се склучи за секое Колокациско Место);
**II)** Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување (да се склучи за секој MDF Блок на Колокациско Место);
**III)** Индивидуален Договор За Локална Јамка (да се склучи за секоја Локална Јамка).

**V.1.2** Склучувањето на Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка и Индивидуалните Договори секогаш ќе подлежи на Предвидување на Страната Барател во согласност со Прилог 6 Б (Предвидување).

**V.1.3** Формуларите за Предвидувањето се дефинирани во Додаток I.А (Формулар за Предвидување).

### V.2. Склучување на Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка и Индивидуални Договори

### V.2.1 Склучување на Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка

**V.2.1.1** Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка нема да подлежи на конкретно Барање. Конкретно Барање може да биде поднесено само по склучувањето на Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка.

**V.2.1.2** Страната Барател може да побара склучувањето на Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка од Македонски Телеком АД во кое било време на местото и во формата дефинирани во Точка VI.2.1.

**V.2.1.3** Чекорите на склучување на Договор се дефинирани во Прилог 6.А (Процес на Склучување на Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка и Соодветните Индивидуални Договори).

### V.2.2 Склучување на Индивидуални Договори според Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка

#### V.2.2.1 Барање и преглед

**V.2.2.1.1** На Склучувањето на Индивидуални Договори ќе му претходи поднесување на следните Барања:

**I)** Барање За Колокација; и/или
**II)** Барање За Компоненти На Кабелско Поврзување; и/или
**III)** Барање За Локална Јамка.

Формуларите за Барањата се дефинирани во Додаток I.B (Формулар за Барање).

**V.2.2.1.2** Во случај кога ке се надмине капацитетот на Колокациските Простории, Македонски Телеком АД ќе обезбеди Оддалечена Колокација до бараниот капацитет.

**V.2.2.1.3** Кога се прави комплетно Барање За Компоненти На Кабелско Поврзување, Македонски Телеком АД ги резервира потребните Компоненти На Кабелско Поврзување за планираната инсталација.

**V.2.2.1.4** Кога се прави комплетно Барање За Локална Јамка, Македонски Телеком АД ја испитува (со Минимален Индивидуален Тест За Соодветност) дадената Локална Јамка. Страната Барател ја приложува Изјавата Од Претплатникот кон Барањето За Локална Јамка.

Формуларот за Изјавата За Намера Од Претплатникот е дефинирана во Додаток I.D (Формулар за Изјава За Намера Од Претплатник).

**V.2.2.1.5** Страната Барател може да побара склучување на Соодветните Индивидуални Договори од Македонски Телеком АД со испраќање на Барање преку "Големопродажниот Екстранет Модул на Македонски Телеком АД".

**V.2.2.1.6** Доколку се работи за постојна Локална Јамка или Под Јамка барањето ќе биде проследено за имплементација, а доколку е потребна техничка доимплементација за поврзување со Претплатничката Пристапна Точка, Македонски Телеком АД ќе достави одговор дали има техничка можност за обезбедување на Разврзан Пристап На Локалната Јамка или Под Јамка.

#### V.2.2.2 Поднесување од Македонски Телеком АД до Страната Барател

Кога Барањето може да биде исполнето, Македонски Телеком АД ќе ја испрати до Страната Барател следните нацрт Индивидуални Договори:

**а)** Нацрт Индивидуален Договор За Колокација (кога е поднесено Барање За Колокација);
**б)** Нацрт Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување (кога е поднесено Барање За Компоненти На Кабелско Поврзување);
**в)** Нацрт Индивидуален Договор За Локална Јамка (кога е поднесено Барање За Локална Јамка).

#### V.2.2.3 Стапување на сила на Индивидуалните Договори според Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка

**V.2.2.3.1** Кога Македонски Телеком АД испраќа потврда дека го прифаќа поднесеното Барање тоа означува прифаќање на понудата за Индивидуален Договор на Македонски Телеком АД од Страната Барател и склучување на Индивидуалниот Договор на Македонски Телеком АД.

**V.2.2.3.2** По склучувањето на Индивидуалниот Договор За Колокација, Страната Барател може да ги користи услугите дефинирани во Прилог 4.B (Технички и Услови на Средината за Колокација).

**V.2.2.3.3** Индивидуалниот Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување ќе обезбеди достапност на Компонентите На Кабелско Поврзување кои можат да бидат инсталирани помеѓу Главниот Разделник (MDF) и Опремата на Страната Барател со количина дефинирана во Прилог 4.А (Опис на Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка и Компоненти На Кабелско Поврзување) или Прилог 4.В (Опис на Поделен Пристап На Локална Јамка и Компоненти На Кабелско Поврзување).

Страните склучуваат Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување за количините на MDF Блоковите утврден во Прилог 4.А (Опис на Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка и Компоненти На Кабелско Поврзување) или Прилог 4.Б (Опис на Поделен Пристап На Локална Јамка и Компоненти На Кабелско Поврзување).

**V.2.2.3.4** Страните склучуваат Индивидуален Договор За Локална Јамка за секоја Локална Јамка побарана од Страната Барател за обезбедување на разврзан пристап.

**V.2.2.3.5** Формуларите за различните видови на Индивидуални Договори се дефинирани во Додаток I.В (Формулар за Индивидуални Договори). Истите се доставуваат од Страната Барател до Македонски Телеком АД на месечна основа

## VI. КЛУЧНИ ДОГОВОРНИ УСЛОВИ

### VI.1 Финансиски гаранции

Предуслов за стапување на сила на Договорите е Страната Барател да испрати до Македонски Телеком АД банкарска гаранција дефинирана во Прилог 8.В (Фактурирање и Плаќање).

Формуларот за банкарската гаранција е дефиниран во Додаток I.G (Формулар за Банкарска Гаранција).

### VI.2 Постапување со Барање

#### VI.2.1 Место, начин и време за доставување на Барања

Страната Барател може да поднесе Барања

**а)** по пошта со назнака за Деловен центар за меѓуоператорски бизнис и големопродажба на Македонски Телеком АД (адреса: Орце Николов бб, 1000Скопје)
**б)** лична достава (Деловен центар за меѓуоператорски бизнис и големопродажба на Македонски Телеком АД, Орце Николов бб, 1000 Скопје, стара Дирекција, трети спрат) секој работен ден од 09.00 до 16.00 часот, или
**в)** по факс на 02/3286-326; или
**г)** на e-mail адреса unbundling@telekom.mk.
**д)** преку **“**Големопродажниот веб екстранет модул”дефиниран од Македонски Телеком АД

Барањето испратено од Страната Барател на горенаведената адреса г) ќе се смета за доставено кога ќе биде вратено од Македонски Телеком АД на Страната Барател со неизменета содржина. Македонски Телеком АД го потврдува приемот на Барања доставени по e-mail во рок од 1 (еден) ден.

#### VI.2.2 Барања што не можат да се исполнат

Следните Барања се сметаат за несоодветни за исполнување:

**а)** Општи причини за одбивање:

**I**) Доколку по поднесеното известување за достава на информации кои недостасуваат Страната Барател не испрати до Македонски Телеком АД комплетно Барање, или
II**)** Не постои важечки Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка помеѓу Страните.

**б)** Барање За Колокација:

**I)** Општи причини за одбивање Барање За Колокација:

Колокациската Просторија имплементирана на соодветното место е веќе целосно резервирана за други Страни Баратели и не постои друга можност да се изгради Колокациска Просторија

**II)** Посебни причини за одбивање на Барање За Колокација:

Бараното Колокациско Место не е вклучено во релевантниот период во Предвидувањето.

**в)** Посебни причини за одбивање на Барање За Компоненти На Кабелско Поврзување:

**I)** Бараните Компоненти На Кабелско Поврзување не се вклучени во релевантниот период на Предвидувањето, или
**II)** Барањето За Компоненти На Кабелско Поврзување е поднесено за Колокациско Место за кое Страната Барател до моментот на поднесување на Барањето За Компоненти На Кабелско Поврзување нема поднесено Индивидуално Барање За Колокација;

**г)** Барање За Локална Јамка:

**I)** Општи причини за одбивање на Разврзан Пристап На Локална Јамка:

**1)** Во случај на барање за Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка, кога Претплатникот не ги исполнува обврските од Претплатничкиот Договор со Македонски Телеком АД во целост при приемот на Барање од Страната Барател;
**2)** Во тек е изведба на Разврзан Пристап На Локална Јамка на дадената Локална Јамка за друга Страна Барател, или била дадена и соодветниот Договор е се уште на сила, или
**3)** Страната Барател бара Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка за Локална Јамка на која трета страна обезбедува ADSL пристап за Претплатникот, врз основа на склучен Претплатнички Договор;
**4)** Разврзан Пристап На Локалната Јамка не е можен од следните технички причини:

**а)** Локалната Јамка била имплементирана на оптичко влакно, со радио пристап или активни уреди, или
**б)** Во случаите наведени во Точка III.5 согласно резултатот на Минималниот Индивидуален Тест За Соодветност, Локалната Јамка не одговара за планираната услуга, или планираната услуга би го загрозила интегритетот на мрежата на Македонски Телеком АД, или
**в)** Опремата на Страната Барател наменета за поврзување со мрежата на Македонски Телеком АД:

- Не е вклучена во "Листа на опрема која може да биде поврзана со мрежата на Македонски Телеком АД" и тестовите спроведени на истата согласно Прилог 5.В (Верификација на Соодветност на Непозната Опрема) дале негативен резултат; или
- Би го загрозила интегритетот на мрежата на Македонски Телеком АД преку поголемо загушување на спектарот на Локалната Јамка, како последица на предизвикување на штетна интерференција (намалување на квалитетот на другите услугите).

**II)** Посебни причини за одбивање на Барање За Локална Јамка:

**а)** Барањето За Локална Јамка е поднесено за Колокациско Место за кое Страната Барател до моментот на поднесување на Барањето За Локална Јамка нема поднесено Барање За Колокација;

**б)** Страната Барател се уште нема поднесено Барање За Компоненти На Кабелско Поврзување со потребната количина за Разврзан Пристап На Локална Јамка.

### VI.2.3 Редослед на исполнување на Барања што треба да се исполнат

Македонски Телеком АД

**а)** прво ги исполнува барањата дадени во Предвидувањето;
**б)** потоа ги исполнува барањата кои произлегуваат дополнително на оние дефинирани во подточка а) по редоследот на склучување на Договори.

### VI.2.4 Барања за иста Локална Јамка

**VI.2.4.1** Македонски Телеком АД нема да го открие во јавноста поднесувањето на Барање, но ќе започне со испитување дали Барањето може да се изведе и кога тоа е возможно – го исполнува Барањето во согласност со важечката процедура.

**VI.2.4.2** По поднесувањето на Барањето За Локална Јамка, Македонски Телеком АД нема да стави во процедура на исполнување Барања од други Страни Баратели за Разврзан Пристап на истата Локална Јамка.

**VI.2.4.3** Кога е поднесено повеќе од едно Барање за ист Разврзан Пристап На Локална Јамка, Македонски Телеком АД ќе ја испита можноста на првоподнесеното Барање.

**а)** Доколку првото прифатливо Барање не може да биде исполнето, Македонски Телеком АД ќе го испита следното по ред поднесено Барање и ќе продолжи со оваа процедура с# до идентификување на првото Барање кое ги исполнува условите како соодветно за исполнување.

**б)** Доколку Барањето може да биде исполнето, но Разврзан Пристап На Локална Јамка не се реализира поради ненавремено одговарање на Страната Барател во рок од 20 (дваесет) дена од испраќањето од страна на Македонски Телеком АД на нацрт Договор до Страната Барател, тогаш ќе се обработува Барањето кое е следно по редослед на прием.

### VI.2.5 Предвидување

Страната Барател е обврзана да поднесе Предвидувања на тромесечна основа во согласност со Прилог 6.Б (Предвидување).

## VI.3 Имплементација на Разврзан Пристап На Локална Јамка

Поделбата на задачите помеѓу Страните потребна за имплементација на Разврзан Пристап На Локална Јамка е дефинирана во Прилог 6.В (Исполнување на Договор).

Минимален Индивидуален Тест За Соодветност е потребно да се направи за да се утврди дадената Локална Јамка е соодветна за Разврзан Пристап На Локална Јамка и дека нема да предизвика намалување на квалитетот на услугите (штетна интерференција) на останатите Локални Јамки за бараниот начин на подесување. Страната Барател му плаќа на Македонски Телеком АД Надомест За Минимален Преглед На Локална Јамка, независно од резултатот на Минималниот Индивидуален Тест За Соодветност.

## VI.4 Завршување на Разврзан Пристап На Локална Јамка

Резултатите од техничките тестови при прегледот и во моментот на обезбедување на Разврзан Пристап На Локална Јамка може да бидат различни. (На пример, по спроведувањето на техничките тестови се добиваат одредени параметри на Локалната Јамка, кои не се идентични со параметрите на дадената Локалната Јамка во моментот на примопредавањето. Ова може да се случи ако во времето помеѓу тестовите и примопредавањето на Локалната Јамка, се имплементираат други широкопојасни услуги (ADSL) на соседните Локални Јамки до дадената Локалната Јамка која е предмет на Разврзан Пристап На Локална Јамка). Оваа разлика може да влијае на употребата на неговорниот фреквентен опсег на Локалната Јамка или примопредавањето да биде невозможно за предвидената употреба. Но ова нема да влијае на плаќањето на Надоместокот За Минимален Преглед На Локална Јамка и во случај на примопредавање, Еднократен Надомест За Поврзување.

## VI.5 Право на сопственост на Локалната Јамка и Колокациската Просторија

**VI.5.1** Во случај на обезбедување на Разврзан Пристап На Локална Јамка, Локалната Јамка и Колокациската Просторија ќе останат во сопственост на Македонски Телеком АД.

**VI.5.2** Во случај на обезбедување на Разврзан Пристап На Локална Јамка, Страната Барател не може да го пренесе правото на користење на Локалната Јамка и Колокациската Просторија на трета страна.

## VI.6 Управување и одржување

### VI.6.1 Управување

Кога се обезбедува Разврзан Пристап На Локална Јамка, Македонски Телеком АД ќе биде одговорна за управувањето со Локалната јамка - т.е. за преносот помеѓу Претплатничката Пристапна Точка и MDF Блок - и Компонентите На Кабелско Поврзување.

На страната на Страната Барател од Конекциската Точка, Страната Барател ќе биде одговорна за управувањето со преносот. На страната на Претплатникот од Претплатничката Пристапна Точка Страната Барател ќе се договори со Претплатникот за одговорноста за управувањето.

Одговорностите на Страните за управувањето се дефинирани во Прилог 7 (Правила за Управување и Одржување).

### VI.6.2 Отстранување на грешки

Кога се обезбедува Поделен Пристап На Локална Јамка, Македонски Телеком АД има право да врши активност за отстранување на грешки кои влијаат на услугите во неговорниот фреквентен опсег на Локалната Јамка за да се осигура отстранување на грешки потребно за услугите од говорниот фреквентен опсег што Македонски Телеком АД ги обезбедува, за што Македонски Телеком АД ќе ја информира Страната Барател.

Одговорностите за отстранување на грешки на Страните поврзани со Локална Јамка се дефинирани во Прилог 7 (Правила за Управување и Одржување).

### VI.6.3 Одржување

Страните обезбедуваат соодветност на своите мрежи за правилна употреба.

Условите за вршење на планираните работи за одржување се дефинирани во Прилог 7 (Правила за Управување и Одржување).

## VI.7 Доставување и управување со информации

Доставувањето и управувањето со информации помеѓу Страните е регулирано со Прилог 6.Г (Обезбедување на Информации и Доверливост).

## VI.8 Обврски на Страната Барател кон Претплатниците

**VI.8.1** Во случај на Разврзан Пристап На Локална Јамка, Страната Барател ги обезбедува релевантните информации за сите услуги што му ги обезбедува на Претплатникот, врши услуга за грижа со корисници, ги изведува потребните работи за отстранување на грешки и одржување и го обезбедува фактурирањето на своите услуги.

**VI.8.2** Македонски Телеком АД не е обврзан да изведува било какви активности поврзани со услугите кои ги обезбедува Страната Барател.

**VI.8.3** Страната Барател управува со сите приговори за фактурирањето поврзани со нејзините услуги кои се поднесени од страна на нејзините Претплатнци.

## VI.9 Пресметка и Плаќање

Надоместоците за Услугите кои се користат според овој Договор и условите за нивна примена, условите за фактурирање и плаќање, како и гаранциите кои треба да се обезбедат се дефинирани во Прилог 8 (Надоместоци, Фактурирање).

## VI.10 Ограничување На Услугата (Услугите)

### VI.10.1 Прекин На Услугата (Услугите)

**VI.10.1.1** Македонски Телеком АД може да ја прекине услугата во следниве случаи:

- **а)** во случај на виша сила; или
- **б)** во случај на Планирано Одржување, по претходна најава до Страната Барател.

**VI.10.1.2** Во случајот дефиниран погоре, под Точка VI.10.1 б), Македонски Телеком АД писмено ја известува Страната Барател за прекинот на Услугата најмалку 90 (деведесет) дена однапред. Времетраењето на ваков прекин не може да биде подолго од 3 (три) работни дена во еден случај.

**VI.10.1.3** Прекинот нема да влијае врз континуитетот на Договорот.

Во случај на виша сила, пропорционалниот дел од Надоместот За Услуга нема да се фактурира за периодот на прекин.

**VI.10.1.4** По престанување на околностите кои го предизвикале прекинот Македонски Телеком АД

- **а)** веднаш ќе започне со обновување на прекинатата Услуга(и) и
- **б)** ќе започне со обезбедување на прекинатата Услуга(и) во најкраток можен рок.

### VI.10.2 Привремено исклучување

**VI.10.2.1** Доколку Страната Барател го загрози интегритетот на мрежата на Македонски Телеком АД, Македонски Телеком АД може привремено да ја исклучи опремата на Страната Барател на соодветна Конекциска Точка, по претходна најава до Страната Барател.

**VI.10.2.2** Во случај на Поделен Пристап На Локална Јамка, доколку Претплатникот е исклучен во една или во две насоки заради неплатени сметки за услугите во говорниот фреквентен опсег кои ги обезбедува Македонски Телеком АД на истата Локална Јамка, Македонски Телеком АД може привремено да ја исклучи Услугата на дадената Конекциска Точка, но пред исклучувањето Македонски Телеком АД писмено ќе ја извести Страната Барател за прекинот на Услугата најмалку 8 (осум) дена однапред.

**VI.10.2.3** Доколку Страната Барател ја прекрши својата обврска за плаќање на надоместоците во согласност со Договорот, Македонски Телеком АД може привремено да ја исклучи Услугата на Страната која го предизвикува нарушувањето доколку:

**а)** Македонски Телеком АД се повика на тоа;
**б)** определи рок не пократок од 30 (триесет) дена за исполнување на обврската;
**в)** ги посочи правните последици кои ќе произлезат од неисполнувањето на обврската, со цел прекин на прекршувањето на договорот и
**г)** рокот истече без резултати.

**VI.10.2.4** Доколку при ревидирањето на банкарската гаранција се утврди дека Страната задолжена да достави банкарска гаранција е обврзана да го промени или обнови износот на банкарската гаранција согласно Прилог 8.В (Фактурирање и Плаќање), а Страната Барател не ја исполнила својата обвска да ја промени или обнови банкарската гаранција во дадениот рок од 30 (триесет) дена, Македонски Телеком АД може привремено да ја исклучи Услугата.

**VI.10.2.5** Во случаите дефинирани во Точка VI.10.2.1-VI.10.2.4, Страната Барател ќе и надомести на Македонски Телеком АД за

**а)** штетата предизвикана од загрозувањето и
**б)** настанатите трошоци поврзани со исклучувањето и повторното вклучување.

### VI.11 Прекршување на Договорот и правни последици

#### VI.11.1 Прекршување на Договорот

Под прекршување на Договор се подразбира неисполнување или делумно исполнување на обврските регулирани со Договорот од страна на која било Страна.

#### VI.11.2 Општи правни последици

**VI.11.2.1** Покрај примената на посебните правни последици поврзани со неисполнувањето или делумното исполнување на обврските на Страните, правилата кои ќе се применуваат за надомест на штета причинета на другата Страна ќе се раководат според релевантните општи одредби од Законот за облигациони односи.

**VI.11.2.2** Страната што ја предизвикува штетата нема да надомести никаква загуба на приход или профит или компензација за трошоци кои другата Страна ги претрпела во врска со отстранување на финансиски или нефинансиски загуби, без оглед на предвидливоста на таквата штета. Ваквите ограничувања нема да се применуваат на штета предизвикана од крајно невнимание или свесна небрежност.

#### VI.11.3 Посебни правни последици

#### VI.11.3.1 Казна за доцнење

Доколку Македонски Телеком АД не започне да обезбедува услуги на датумот дефиниран во Индивидуалниот Договорот За Локална Јамка за дадената Локална Јамка, основата за пресметување на казната за доцнење ќе биде пет пати поголема од Месечниот Надомест За Изнајмување На Локална Јамка за дадената Локална Јамка. Износот на казната ќе биде 0,3 % од основата на казната за секој ден доцнење, но не повеќе од 10% од основата на казната. Македонски Телеком АД ќе ја плати казната по барање на Страната Барател. Македонски

Телеком АД ќе биде одговорна само ако задоцнувањето настанало по нејзина вина, така што Македонски Телеком АД ќе биде ослободена од обврската за плаќање на казна доколку може да докаже дека дејствувала на начин да го избегне доцнењето, како што вообичаено би можело да се очекува во таква ситуација.

Македонски Телеком АД нема да биде одговорна за извршување на работата со задоцнување доколку извршувањето со доцнење е предизвикано од задоцнување во рамките на одговорноста на Страната Баратeл. Во таков случај Македонски Телеком АД може да зададе нов краен рок за извршувањето на нејзините договорни обврски и нема да плати казна за задоцнувањето.

### VI.11.3.2 Казна за несоодветен квалитет

Доколку Македонски Телеком АД не ја оствари договорената вредност на параметрите за квалитет на:

- **а)** RUO-001;
- **б)** RUO-002; и
- **в)** RUO-003

дефинирани во Прилог 7 (Правила за Управување и Одржување), Македонски Телеком АД ќе го намали по барање на Страната Баратeл процентот од износот на Месечниот Надомест За Изнајмување На Локална Јамка кој се плаќа за една година во однос на Локалната Јамка засегната од несоодветно извршување идентично со процентот на влошување на параметрите за квалитет (на пр. 1% за 1% влошување на параметрите за квалитет). Намалувањето треба да се направи во првиот месец од секоја календарска година или на фактурата која се доставува при истекот на соодветниот Договор.

Македонски Телеком АД ќе биде одговорна само ако непочитувањето на обврската настанало по нејзина вина, така што Македонски Телеком АД ќе биде ослободена од обврската за плаќање на казна доколку докаже дека непочитувањето на обрската настанало од причини надвор од рамките на одговорноста на Македонски Телеком АД.

Македонски Телеком АД нема да биде одговорна за извршување со несоодветен квалитет доколку причината за несоодветно извршување на работата спаѓа во рамките на одговорноста на Страната Баратeл и во таков случај Македонски Телеком АД нема да плати казна.

### VI.11.3.3 Задоцнето плаќање

Доколку Страната обврзана да плати не го оспори износот на доставената фактура и не го плати фактурираниот износ до датумот на доспевање, во тој случај ќе се наплати казнена камата за доцнење почнувајќи од првиот ден по датумот на доспевање на ненаплатениот износ во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи, пресметана според Законот за висина на стапката на затезна камата. Оваа камата ќе биде наведена како посебна ставка во фактурата за наредниот месец.

## VI.12 Времетраење на Договорот

**VI.12.1** Договорот се склучува на определен период од 3 (три) години.

**VI.12.2** Времетраењето на Договорот автоматски ќе биде продолжено за период од 1 (една) година освен доколку некоја Страна не го раскине претходно со испраќање на писмено известување до другата Страна во рок не пократок од 60 (шеесет) дена пред датумот на истекување на Договорот.

## VI.13 Измени и дополнувања на Договорот

**VI.13.1** Доколку Македонски Телеком АД ја измени и дополни – со одобрение на АЕК – МАТЕРУО и измените и дополнувањата влијаат на Договорите склучени претходно, Македонски Телеком АД за тоа ќе ги извести сите Страни Баратели со кои Македонски Телеком АД веќе има склучено Договор. Договорите треба да се усогласат со измените и дополнувањата од МАТЕРУО во рок од 30 (триесет) дена од денот на одобрување од страна на АЕК. Македонски Телеком АД ќе го испрати изменетиот и дополнет Договор на Страната Баратeл во рок од 15 (петнаесет) дена пред стапувањето на сила на измените и дополнувањата на Договорот. Одредбите од изменетата и дополнетата МАТЕРУО имплицитно ќе станат дел од Договорот. Доколку Страната Баратeл не е согласна да ги прифати измените и дополнувањата на Договорот кој бил претходно склучен, во тој случај ќе побара редовно раскинување во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на измените

и дополнувањата.

**VI.13.2** Доколку Македонски Телеком АД побара измени и дополнувања на Договорот во однос на некое прашање кое не било вклучено во МАТЕРУО и Страната Барател не го прифати барањето, Македонски Телеком АД може да се обрати до АЕК за решавање на спорот. Изменетиот и дополнет Договор ќе стапи на сила во рок од 15 (петнаесет) дена од одобрението од страна на АЕК , во согласност со одлуката.

### VI.14 Истек на важноста на Договорот

**VI.14.1** Во случај на истек на важноста на МАТЕРУО според Дел II.2.1.2, Договорот склучен пред стапувањето на сила на одлуката на АЕК по ова прашање ќе истече на 60 (шеесеттиот) ден по стапувањето на сила на одлуката на АЕК по ова прашање.

**VI.14.2** Страната Барател може да го раскине Индивидуалниот Договор За Локална Јамка во следниве случаи со претходно писмено известување од 30 (триесет) дена.

**а)** Претплатничкиот Договор помеѓу Страната Барател и Претплатникот истекува; или
**б)** во случајот дефиниран во Дел VI.13.1.

**VI.14.3** Договорот може да го раскине која било Страна по пат на вонредно раскинување кое ќе стапи на сила веднаш доколку

**а)** во случај на виша сила во траење од повеќе од 3 (три) месеци или
**б)** во случаи кога

**I)** другата Страна прогласила банкрот според одредбите на Законот за стечај, или
**II)** кога против другата Страна е покрената постапка за стечајили ликвидација.
**III)** Против другата Страна е изречена мерка за запленување и отуѓување на нејзините материјалните средства во Република Македонија

**VI.14.4**Доколку Претплатникот ја откажал услугата во говорниот фреквентен опсег која ја обезбедува Македонски Телеком АД на бараната Локалната Јамка со поделен пристап, Поделениот Пристап На Локална Јамка како последица на ова е неоснован. Со цел да овозможи понатамошна примена на Разврзан Пристап На Локална Јамка, Македонски Телеком ќе обезбеди можност за промена на претходниот договор во Договор За Локална Јамка со Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка или Договор За Поделен Пристап На Локална Јамка За Користење На Повисоките Фреквенции (“naked DSL”). Доколку Страната Барател не сака да ја искористи можноста за измена и дополнување на Индивидуалниот Договор За Локална Јамка понуден од страна на Македонски Телеком АД, Страната Барател може да го раскине Договорот веднаш по пат на вонредно раскинување со известување до Македонски Телеком АД за раскинувањето на Индивидуалниот Договор За Локална Јамка во рок од 10 (десет) дена од приемот на предлогот за измена и дополнување на Индивидуалниот Договор За Локална Јамка

**VI.14.5** Покрај случаите наведени во Дел VI.14.3 погоре, Македонски Телеком АД може да го раскине Договорот по пат на вонредно раскинување доколку Страната Барател изврши прекршок на Договорот. Прекршок на Договорот подразбира, особено доколку

**а)** На Страната Барател и е изречена забрана за обезбедување на јавни комуникациски услуги кои се предмет на Договорот со одлука на суд или државен орган и како последица на тоа МАТЕРУО повеќе не се применува за Страната Барател;или
**б)** Страната Барател престане да биде давател на електронски комуникациски услуги регистриран во службената евиденција на АЕК која има право да обезбедува услуга која се обезбедува на Локалната Јамка врз основа на даден Договор; или
**в)** Страна Барател не ја исполнила својата обврска за плаќање која произлегува од Договорот и Македонски Телеком АД побарал Страната Барател да престане со прекршувањето на Договорот во рок од 30 (триесет) календарски денови, со потсетување на правните последици, и другата Страна не го направила истото; или
**г)** Дејствувањата на Страната Барател сериозно го загрозуваат интегритетот на мрежата на Македонски Телеком АД и/или општата безбедност; или
**д)** Страната Барател ја замени опремата која ја поврзала на мрежата на Македонски Телеком АД или ги менува подесувањата на начин што влијае врз управувањето на спектарот на Локалната Јамка без претходна согласност на Македонски Телеком АД; или
**ѓ)** во текот на процесот на ревидирање на банкарската гаранција се утврди дека Страната

Барател треба да го промени или обнови износот на банкарската гаранција според Прилог 8.В (Фактурирање и Плаќање) и Страната Барател не ја исполни својата обврска да ја промени или обнови банкарската гаранција во рок од 30 (триесет) календарски дена по назначениот краен рок; или

**е)** во поглед на Индивидуалниот Договор За Колокација доколку Страната Барател не почне со користење на дадена Колокациска Единица во рок од 2 (два) месеца по примопредавањето.

**VI.14.6** Доколку Претплатничкиот Договор помеѓу Страната Барател и Претплатникот истече – а како последица на тоа Македонски Телеком АД не е обврзана да обезбеди Разврзан Пристап На Локална Јамка – Македонски Телеком АД може да го раскине Индивидуалниот Договор За Локална Јамка веднаш.

**VI.14.7** Истекот на времетраењето на Договорот нема да влијае на правото на дадената Страна да ги спроведе сите побарувања кои произлегуваат од Договорот.

## VII. ПРОБНО РАБОТЕЊЕ

**VII.1** Истовремено со склучувањето на Договорот –кога тоа ќе го дозволат техничките околности – Македонски Телеком АД ќе понуди и предложи Страните Баратели да учествуваат во Пробното Работење.

**VII.2** Целта на Пробното Работење е да се здобијат искуства – паралелно со исполнувањето на Договорот – и да се водат дискусии за нив што ќе им овозможи на Страните заеднички да го развиваат следново:

**а)** процедурата за Тестови За Примопредавање за Разврзан Пристап На Локална Јамка;
**б)** барањата за безбедност на мрежа; и
**в)** другите процеси за соработка.

**VII.3** Во случај на учество во Пробното Работење, за двете Страни ќе се смета дека се вон сила одредбите за крајните рокови и казните и Страните заеднички ќе развијат и потпишат Договор За Пробно Работење кој го регулира процесот за дискутирање на искуствата и заедничко прифаќање на резултатите.

**VII.4** Заеднички прифатените резултати во текот на Пробното Работење ќе бидат утврдени од Страните во нивниот Договор и Македонски Телеком АД ќе поднесе до АЕК предлог за измена и дополнување на засегнатите делови од МАТЕРУО врз основа на искуствата од договорите склучени со Страните Баратели кои можат генерално да се применат. Во случај на одобрување од страна на АЕК

**а)** Изменетата и дополнета верзија на МАТЕРУО ќе стапи на сила на датумот дефиниран во Точка II.2.1.1; и
**б)** Договорите ќе бидат изменети и дополнети во согласност со Точка VI.13.